**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број:09-328/3
25.07.2024 година
Скопје

## ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" - с. Долно Количани-општина Студеничани

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 11,12 и 13.03.2024 година |
| **Број на извештај:** | 1-9-Скопски |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Џавид Сулејмани |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 2 |
| **Основач на училиштето:** | општина Студеничане |
| **Наставен јазик:** | Турски и Албански јазик |
| **Број на ученици:** | 353 |
| **Полова структура на ученици:** | 57 машки и 296 женски |
| **Број на наставници:** | 38 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Фикри Рамадани |
| **Директор на училиштето:** | Сабри Имер |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 08.10. до 10.10. 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Долно Количани-општина Студеничане |
| **Телефон:** | 070 -695 610 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ataturkkolicani@hotmail.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | **(2.82)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ" број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ" број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, од 11 до 13 март 2024 година, тим од троица државни просветни инспектори спроведоа Интегрална Евалуација во работата на ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ с.Долно Количане-општина Студеничане.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим при што извршено е прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ с.Долно Количане-општина Студеничане, се оценува со **Добар (2.82)**

Наставниот процес во ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ с.Долно Количане-општина Студеничане, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование.

Реализацијата е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование. Истите се реализираат во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта, донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Бирото за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво, второ, трето петто и шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена од Министерот за образование и наука.

Во училиштето има 2 ученици со посебни образовни потреби кои се со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 2 ученици работат според ИОП.

Училиштето има формирано инклузивен тим Одлука бр.03-93/2 од 21.08.2023 година**.** Исто така, има и 3 ученици со потешкотии во учењето кои се детектирани со извештај од надлежна институција или од страна на наставниците и стручната служба и со нив се работи со диференциран пристап. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност.

Училиштето има Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Златен Стремац“,која треба да се одвива во три нивоа: директна поддршка на учениците и нивните родители, поддршка на воспитно-образовниот кадар и поддршка на пошироката општествена заедница.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки. Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Се реализира транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од три понудени изборни предмети според нивните интересии и потреби.

Слободните ученички активности во училиштето делумно ги задоволуваат потребите и интересите на учениците.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи, спортски активности и друго. Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за

поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Учениците делумно се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки).Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето нема формирано училишен спортски клуб.

Средниот успех на постигањата на учениците во учебната 2022/2023 година е 3.88.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства,остварува соработка со надлежни институции, со локалната зите училишта во кои преминале.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици.

Наставниците ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Поголемиот дел од наставниците планираат и воннаставни активности.

Наставниот процес во училиштето го реализираат наставници со соодветно образование и мал дел од наставниците се несоодветни за изведување на редовната настава.

Поголем дел од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи, и употреба на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Постои интеракција меѓу наставник-ученик, но помалку е застапена интеракција ученик-ученик. Голем дел од наставниците во одделенска настава, користат различни ресурси и приоди за учење и настава за разлика од предметните наставници кои најчесто користат само учебници и дополнителна прирачна литература. Наставниците користат различни наставни форми и методи, но кај голем дел од наставниците истите секогаш не соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.

Во училиштето се врши континуирано следење и оценување на учениците со примена на различни методи, начини и форми за оценување. Критериумот за оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои се запознаени учениците.

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски делумно уреден. Низ ходиците во училиштето, делумно има изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Наставниот кадар и стручните соработници, ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.Дел од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна. Се води грижа за здравјето на учениците.

Училиштето води добра грижа за спречување на учениците од физички повреди и елементарни непогоди, бидејќи училишната зграда претставува безбеден објект за претстој, така што во неа нема опасни места од електричен удар, поплава. Има инсталирани противпожарни апарати, но нема хидранти и громобранска инсталација.

Во училиштето нема сертифицирани наставници за давање прва помош на учениците при несреќни случаи и превенција од насилство, а има пакет за прва помош.

Училиштето има Елаборат бр.09-934/3 од 08.04.2019 година за основна обука на просторните сили за заштита и спасување со спроведување симулациска вежба на училиштето, за што имаат изготвено Извештај бр.09-934/4 од 17.05.2019 година за организирање и спроведување на обука на вработените (сили за заштита и спасување). Обуката е реализирана од страна на Дирекција за заштита и спасување. Истата има издадено и Сертификат бр.09-1205/1 од 22.07.2019 година за завршена обука на универзална единица за заштита и спасување на ОУ„Мустафа Кемал Ататурк“ – с.Долно Количани.

Училиштето не е осигуран од страна на основачот, иако имаат поднесено барање до општината за обезбедување на средства за осигурување на училиштето.

Училиштето има програма и протокол како пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Тоа е евидентирано во Етичкиот кодекс бр.01-92/2 од 14.08.2023 година за однесување на учениците, наставниците и стручната служба и истиот нема податок дека е одобрен од орган на училиштето. Истите се ставени на видни места по ходниците на училиштето за да може секој да има пристап и можност да ги чита и биде запознаен со истите. Протоколите доследно се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања, презентации и активности за заштита на учениците од сите облици на насилство како што се психичко, емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, семејно насилство. Истото се организира од страна на педагогот на училиштето. Наведените теми, соопштенија и предупредувања се истакнати во плакати, постери и истите се поставени на видни места по ходниците на училиштето. Во училиштето активно функционира дежурството на наставниците, кои се грижат за безбедноста на учениците за време на настава и за време на одморите. Во училиштето нема чуварска служба.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има и спроведува политика за забрана за пушење,консумирање алкохол и наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични

супстанции. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани, односно Правилник за изрекување на корективни педагошки мерки. Истиот е заведен под бр.01-119 од 31.08.2022 година.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците.

Во училиштето има 2 ученици со пречки во развојот со соодветна документација од надлежна здравствена установа. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Во училиштето не се ангажирани образовни асистенти организирани од соодветна образовна институција.

Во училиштето нема ученици кои потекнуват од социјално ранлива категорија.

Хигиената во зградата на училиштето (училниците, ходниците) добро се одржува со редовно чистење во текот на двете смени од престојот на учениците во објектот. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има поставено корпи за отпадоци. Има многу мал број хигиеничари и хигиената во училиштето делуно задоволува.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење во соработка со здравствените институции.

Програмата за професионална ориентација на учениците се реализира од стручната служба и наставниците кои се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование.

Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор. Постојат конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата и училиштето, како и соработка со други институции.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед. Училиштето има формирано училишен парламент избрана на демоктатски начин и која функционира според изготвен План за работа на училишниот парламент. Учениците се навремено информирани но повремено учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат во донесување на одлуки што се од нивен интерес.

Соработката на училиштето со родителите е добра. Таа се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос.

Кодекс на однесување и Куќниот ред се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосн. Учениците и родителите се придржуваат кон куќниот ред на училиштето.

Просторот за одвивање на воспитно-образованата работа, задоволува.

Визуелниот материјал и пишаните содржини од ученичките трудови го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија.

Училиштето се препознава по постигање на учениците во текот на образованието, во училиштето и по постигање од повеќе области на натпревари на ниво на општинско регионално и Државно ниво. Угледот на училиштето се подига со организирање на натпревари и активно учество на голем број културни манифестации организирани во соработка со општината и училиштата од општина Студеничане.

Училиштето на разни начини ги промовира постиганите резултати на учениците преку доделување на книги, јавни пофалби, објавување на училишен весник и признанија како и на веб страната на училиштето www ataturkkolicani@hotmail.com.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на етничката или верската припадност. Има во доволен број наставно-нагледни средства, но постоечките редовно не се користат. Училиштето повремено ги утврдува потребите за наставни сретства и помагала но обновувањето зависи од расположливите сретства.

Училишната библиотека делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Библиотеката е мала просторија без читална.

Училиштето има стручна служба, составена од педагог и библиотекар кои им даваат подршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата,

следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање на соодветна помош на учениците од секаков вид.

Потребите на наставниците за стекнување на знаења од одредени области за подобрување на наставниот процес и активностите во училиштето се реализираат само кога се повикани на семинари и обуки. Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор а скромните средствата со кои располага се трошат наменски. Работата на Училишниот Одбор е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива и Деловникот за работа. Членовите се запознаени со состојбите во училиштето, со програмските документи и со управувањето со финансиите во училиштето. Транспарентна е застапена за заинтересираните структури во училиштето. Има соработка со директорот на училиштето. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на услови за работа, продолжување на проектите и аплицирање во нови и подобрување на професионален развој на наставниците. Работата на директорот е испланирана во годишната програма за работа каде се опфатени тековни активности. Директор на училиштето е Сабри Имер професор по оделенска настава Диплома бр.3142 издадена од 08.12.2005 година, со положен испит за директор со стекнат сертификат бр.11-32/4 од 19.05.2021 година. Директерот раководи со училиштето од 14.06.2021 година, именуван со Одлука на Градоначалникот на општина Студеничане бр.09-555/1 од 14.06.2021 година, со положен Англиски јазик – Меѓународен сертификат за положен англиски јазик.

Училиштето е активно во однос на реализација на еко проектот. Има интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во сите предмети и во одредени теми.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, училиштето има склучено меморандум за соработка и збратимување со ООУ „Војдан Чернодрински“ – Општина Карпош во Скопје, со ООУ„Браќа Миладиновци“ Општина Аеродром – Скопје, со ООУ„Круме Кепески“ Општина Кисела Вода – Скопје, со ООУ „Димитар Миладинов“ Општина Центар- Скопје, како и со ООУ „Гоце Делчев“ Општина Центар- Скопје. Училиштето остварува соработка и со училишта и институции од Р. Турција.

Во рамките на споменатиот проект во изминатите години реализирани се многу активности и тоа: спортски активности, запознавање на учениците во текот на игри, меѓуетничка кујна која ќе биде направена и реализирана од страна на учениците, рецитаторски активности на три јазика и тнт. Самоевалуација на училиштето за периодот 2020/2022 година со одлука на усвојување од училишниот одбор. Самоевалуацијата содржува добри и слаби страни и препораки со број 01/120 31.08.2022 година.

Програма за развој бр.01-120/2 од 31.08.2022 година е за период од 2022-2026 година.

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“-с.Долно Количане-општина Студеничане, е лоцирано во с.Долно Количане каде што живеат етнички состав Турци со различен социјален и економски статус.

Училиштето е изградено во 1932 година, а доградба на училиштето е во 1972година. Се состои од централно училиште и две подрачни училишта. Централното училиште е во с.Долно Количани и ги опфаќа подрачните училишта с. Горно Количани, и с.Вртекица. Наставата се изведува од прво деветтолетка до деветто деветтолетка на Турски и Албански наставен јазик

Училиштето е основано 1933 година под името „Јордан Константинов Џинот“. Промената на училиштето е направена 2006 година од името „Јордан Константинов Џинот“ во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“. Во Централниот Регистар на РМ е запишан со Решение примен на ден 10.03.2022 година со Деловоден бр. 15-2017/1985, со даночен број 4030972262707 427, Матичен број:4062248 и со Жиро сметка: 767010354990312; Во воспитно образовниот процес се опфатени 354 ученици, од кои 193 се машки и 208 се женски, распоредени во 25 паралелки.

Воспитно-образовниот процес се изведува на турски и албански наставен јазик.

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште во с.Долно Количани се состои од приземје и спрат. Централното училиште во с.Долно Количани (објектот) располага со вкупна површина од 700 м2. Училишниот двор е со бруто површина од 4000 м2 во кој се наоѓа и асфалтирано спортско игралиште од 800 м2.

Централното училиште работи во еден објект кој е во централен дел на с.Долно Количане , објектот е покрај главниот пат кој поминува низ населеното место.

Централното училиште располага со 9 училници, 1 наставничка просторија, 1 библиотека, 1 работилница. Надвор од училишната зграда има посебно 4 тоалети за машки ученици и 4 тоалети за женски ученици. Во склоп на објектот има и посебни тоалети за машки и посебно за жени вработени во училиштето, како и 1 просторија за бања. Во училишниот двор има и котлара каде што е сместена и 1 цистерна за парно греење.

Во подрачното училиште во с.Вртекица училишниот објект е со површина од 91 м2, а целата површина со дворно место има 400 м2. Во подрачното училиште во с.Вртекица има 4 училници за настава, 1 наставничка канцеларија и внатре во објектот има 3 тоалети и тоа: 1 за машки ученици, 1 за женски ученици и 1 за вработените.

Во подрачното училиште во с.Горно Количани училишниот објект има 387 м2, а вкупната површина со дворно место е 500 м2.

Во подрачното училиште во с.Горно Количани има 5 училници, 1 наставничка канцеларија, 1 просторија за нагледни средства. Во склоп на објектот има 3 тоалети и тоа: 1 за машки ученици, 1 за женски ученици и 1 за вработените.

Во сите училишни објекти како во централното, така и во сите подрачни училишта нема спортска сала и наставата по предметот физичко образование се одвива во училница и кога временските услови го овозможуваат истото се одвива надвор во спортските терени.

Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во три училишни згради и тоа во централното училиште во с.Долно Количани, како и во двете подрачни училишта во с.Вртекица и с.Горно Количани.

Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките.

Училиштето се затоплува со сопствено парно греење на течно гориво.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.15-2017/1985 донесено од Министер за ообразование.

Училиштето располага со една библиотека, наставничка канцеларија, три административни простории (директор, стручна служба и секретар.

Наставата се изведува во две смени и тоа во Првата смена почнува од 7.30 часот до 12 часот и 40 минути –Предметна настава. Втората смена почнува од 13 часот до 17.часот и 30 минути. Времето од 13 часот до 13 часот и 30 минути се изведуваат додатната и дополнителната настава.

Училиштето располага со функционални 25 компјутери, смарт табли 9 и 10 лаптопи за наставници 25.

Во училиштето има 47 вработени, од нив наставен кадар се 38 наставници. Исто така во училиштето има 1 директор, 2 стручни соработници (Педагог и Библиотекар), 1 секретар, 1 хаусмајстор, и 5 хигиеничари .

Училиштето има обезбеден доволен број на наставници за реализирање на воспитно образовниот процес. Најголем дел од наставниот кадар е стручен за изведување на наставата.

Наставниот кадар е квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето.

Во училиштето има директор, секретар, од стручната служба има педагог и библиотекар.

Статутот на училиштето е од 2019 година. е усогласен со Законот за основно образование.

Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година бр.02-91 од 14.08.2022 година, и е усвоена од училишен одбор. На ден 10.08.2023 година Годишната програма е упатена до Советот на општина Студеничане бр.03-777/2/од 10.08.2023 година.

# 1.Наставни планови и програми

## 1.1. Реализацијата на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“с. Долно Количани општина Студеничани, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми за основно образование за учениците од I, II,III V и VI одделение. Применуваните наставни планови и програми се реализирани во пропишаниот обем,а се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Со целите на наставните планови и програми што се реализираат, запознаени се членовите на советот на родители како и другите родители на родителските средби и седниците на совет на родители. Родителите на деца со посебни образовни потреби, информирани се за работењето и постигањето на целите преку нивна вклученост во инклузивен тим и изработка на индивидуаленобразовенплан. Неделните планирања со содржините и целите кои треба да се постигнат се испраќаат електронски на родителите чии деца се во прво, второ, четврто и петто одделение согласно насоките во Концепцијата.

Согласно Решението за реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар, а врз основа на територијален принцип, ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ Долно Количани соработува со ресурсниот центар „Д-р Златан Сремац“. За истата соработка изготвен е Акциски план за работа.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.03-93/2 од 21.08.2023 година) кој има изготвено Програма за работа. Категоризирани ученици со посебниобразовни потреби има 2 ученици и двата се во централното училиште.Идентификувани се ученици со потешкотии во учењето (2 ученици во централното и 1 ученик во подрачното Горно Количани

Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување за изборни предмети и воведува изборни наставни предмети преку спроведување анкета, со најмалку три изборни предмети. Постапката за определување на изборните предмети се применува доследно во интерес на потребите на учениците. Како изборни предмети во учебната 2022/2023 и 2023/2024 год. се реализирани: предметна настава- етика на религии, изборен спорт, унапредување на здравје,проекти од информатика, вештини на живеење, Согласно новата концепција, во учебната 2022/23 г. учениците од четврто одделение изучуваа по два изборни предмети а тековната учебна година, во 4 и 5 одделение ќе изучуваат по два изборни предмети по еден во секое полугодие. Изборни предмети им понудат на учениците конкретни искуства преку кои ќе стекнат компетенции во когнитивното, емоционалното, социјалното и психомоторното подрачје, во согласност со нивните развојни карактеристики, потенцијали и афинитети.

Првичната анкета за интересот на учениците од четирите области се спроведува до 15 април во тековната година, а се однесува за идната година. Изборни предмети по области:

-Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата;

-Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците;

-Изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети;

-Изборни предмети од спортско-рекреативен карактер.

Согласност изборот на учениците, наставниците изготвуваат наставни програми.

Училиштето реализира и проширена програма за учениците од прво до трето одделение. Проширената програма опфаќа организирано прифаќање и заштита еден час пред започнувањето на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на часовите.

## 1.2.Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања, како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. За учениците од I,II,III Vи VI одделение се изработува Годишни планирања, неделни планирање и сценарио за наставен час. Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците. Имплементирањето на вака планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината или го изразуваат нејзиното историско минато.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките. Наставниците кои реализираат наставни планови и програми по концепцијата, имаат поминато обука освен наставникот по предметот англиски јазик, стручните соработници и директорот. Наставниците континуирано ги евидентираат реализираните обуки во педагошките картони.

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива до предлагачите за изменување и дополнување на истите. Има реакции за потреба од поголема подршка од советниците од БРО за успешно реализирање на концепцијата. Стручната служба и директорот имаат потреба од обука за да можат соодветно да даваат подршка при реализацијата. Наставниците изразија позитивно мислење за редоследност по предметот математика, флексибилност, слободно искажување на учениците што доведува до релаксираност на часовите.

## 1.3.Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците.

При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик.

За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Учениците не се вклучени при изготвување на програмите и изборот на воннаставните активности.

Во училиштето се реализираат повеќе видови воннаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

1. Краткотрајни воннаставни активности: излети и екскурзији; еднократни работилници; акции во училиштето или во заедницата.
2. Подолготрајни воннаставни активности: секција – клубови.

Преку учество во организираните секции се реализираат различни воннаставни ученички активности од повеќе подрачја (природно-математичко, јазично, општествено, уметничко, музичко, спортско). Во предметна настава учениците членуваат во еколошка, драмска секција , секција на млади биолози и млади библиотекари.

Во училиштето континуирано се реализираат и проекти како посебен вид на еднократни воннаставни активности. Проектите се како поддршка на постојните наставни предмети/области или во функција на други области.

Реализирани проекти последните 3 учебни години се следните:

- Проект за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-МИО“;
- Проект- „ЕКО“;
- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“;
- Интерен проект „Убавините на различностите“;
- Проект:Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности.

Училиштето остварува соработка партнер училиште ООУ„Војдан Чернодрински“ Карпош (Меморандум за партнерство бр.03-195од 28.12.2020година). Во претходните години партнер училишта имаме сорабтка и со ОУ Гоце Делчев Центар и ОУ Браќа Миладиновци Аеродром Има изготвено програма за работа за заеднички активности.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**2.1.Постигања на учениците**

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки, наставен јазик и наставни предмети.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 3,88. За учебната 2020/2021 година изнесува 3.76, За учебната 2021/2022 година изнесува 3.99 и во учебната година 2022/2023 година изнесува 3,82, и за учебната година 2023/2024 година-прво полугодие изнесува 3.88. на крајот од учебната 2021/2022 година. Не се забележува значајно отстапување по постигањата. Училиштето има анализи за постигањата со описно оценување и преминот од описно во бројчано оценување.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на педагогот, за што се води евиденција за учебната 2022/2023 година. Најголем број на советувања е по основ намален успех(13 советувања) по основ на три негативни оцени. Негативните оцени најчесто се после прво тромесечие кога и најчесто е реализирао советување со родители. Процедурата е застапена согласно програмата за советување. Советувањата имаа ефект во подобрување на состојбите. Нередовно посетување на настава направено е советување со 3 родители, Несоодветно однесување во училиштето направено е советување со 9 родители на учениците.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на училишно, општинско, регионално ниво. На општинско ниво имаат учество на квизови , литературни натпревари, ликовни натпревари противпожарен натпревар, на овие натпревари имаат земено учество учениците но нема освоено место.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во интерен Правилник за видови пофалби и награди на учениците. Наградените ученици се афирмираат во училиштето и општината.

Училиштето организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик односно со партнер училиштето ООУ Војдан Чернодрински општина Карпош.

### 2.2.Задржување / осипувањето на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон. Има изградено систем и презема активности да ги опфати сите училишни обврзници. Обезбедува услови за запишување на децата од реонот на училиштето опфаќајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку општината.

Училиштето има процедура за вклучување на ученици повратници од странство односно осипани ученици.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности.

Во учебна 2020/21 година година вкпно бројот на изостаноци изнесува- оправдани 4216 и не оправдани 728-вкупно 4944 изостаноци Во учебна 2021/22 година вкпно бројот на изостаноци изнесува- оправдани 9531 и не оправдани 484-вкупно 10015 изостаноци. Во учебна 2022/23 година вкпно бројот на изостаноци изнесува- оправдани 7839 и не оправдани 561-вкупно 8400 изостаноци или 23.93 изостаноци по ученик. Изостанувањата се како резултат на времена миграција на населението од економски причини. Училиштето има податоци за секој учебик индивидуално со остварени посети на точни адреси како и спроведување на постапка до државниот просветен инспектор.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години сите ученици го завршуваат одделението, односно годината. Нема ученици кои се упатени на продолжителна настава.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1.Планирања на наставниците

Воучилиштето има пропишан приод за планирање и тоа на ниво на актив во одделенска настава и индивидуално кај предметните наставници. Процедурата за следење на планирањето и реализација на наставниот процес ја реализираат стручните соработници. Приметнување на целите на МИО, наставниците имаат подршка од тимот и стручнитесоработници.Годишните и тематскитепланирања, дополнителна и додатна настава,планирања за воннnаставни активности, проекти, соработка со родителите, план за применана ИКТ вонаставата, план за оценување и критериуми за оценување (кога и како се оценува), дефинирании ндивидуални цели, индивидуална образовна програма (за секо јученик со ИОП, план за применна еко содржинина, дасе доставени до стручната служба.Следењето е напочетокот на учебната година и при завршување на одредени теми. Дневните подготовки, неделните планирања и сценаријата (наставниците кои работат по новата концепција) се достапни на увид на директорот и стручната служба. Планирањата ги содржат елементите согласно насоките од БРО. Сценаријата се пишуваат на дадените рокови како и подготовките за наставен час по адаптираните програми. Инклузивниот тим обезбедува подршка за изработка на ИОП. Има примери на добра советодавна подршка со ресурсниот центар „Д-р ЗлатанСремац“. Од I доV одделение распоредедот на часови на наставниците сами го изработуваат а распоредот во предметна настава е изготвен од страна на Педагогот и наставниците. При изготвувањето земено е во предвид просторот, интересот на учениците и наставниците кои доаѓаат и одат во друго и училишта и во подрачни училишта.

## 3.2. Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на најголем број наставници.

Голем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветстуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а многу ретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Наставниците поретко применуваат наставни техники. Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата, се користи и смарт таблата. Наставниците изразија потреба од додатна обука за примена на истите. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани часови со примена на ИКТ односно се реализира презентација со употреба на компјутер. Мал број наставници во чии паралелки има деца со посебни образовни потреби за време на наставниот час нецелосно го реализираат ИОП. Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и

поголем број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите. Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник – ученик и тоа најчесто во одделенска настава, а во многу мала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Домашните работи кои се задаваат се поврзани со содржините кои се работат за време на часовите. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, етничка припадност и социјално потекло. Училиштето има процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и Директорот. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат. Постојат добри практики на размена на искуства преку следење на наставни часови од колеги. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. За унапредување на наставниот процес набавена е 1 смарт табла, а секоја училница е обезбедена со компјутери и во училиштето има голем број на лаптопи за работа на наставниците како и наставни и нагледни средства во училиштето. Наставниците во прво, второ, четврто и петто одделение ја реализираат наставата согласно насоките од БРО. Употребуваат нагледни средства и сметаат дека се добро опремени. Се поттикнува слободата во искажувањето кај децата. Присутна е флексибилноста при реализирање на наставните предмети во зависнот од потребите на наставникот и учениците.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето, и истите редовно се менуваат.

Од разгледување на прашалниците учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот, дел од наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид.Формиран е Ученичкиот парламент.Има програма за работа и уредни записници. Истакнато е на состанокот дека во училиштето се негува еднаквоста и горди се што сите ученици меѓусебно другаруваат а различноста е прифатена многу добро.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби како и пречки во процесот на учење на учениците, и преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките. Во учебните години за време на пандемијатана ставниците имале потешкоти и со вклучување на учениците во дополнителнана става.

Со учениците кои имаат потешкотии во учењето работат и стручните соработници. Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците. Поддршката на учениците со потешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите се применува од мал број наставници. Училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани наразлично ниво, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето.Етичкиот кодекс за оценување на постигањата на училиштето е јавен документ со кој се запознаени наставниците, родителите и учениците. При учењето од далечина наставниците изготвувале портфолио за учениците. Критериумите за оценување се применуваат врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување, но сметаатдека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки кај дел од учениците кои во текот на годината непокажале одговоренодност кон учењето.

Дел од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување.Во сценаријата наставниците кои реализираат настава по новата концепција ги утврдуваат стандардите на оценување и напредокот на учениците. Најголем дел континуирано го следат и гооценуваат напредокот на учениците во сопствените тетратки и лина посебни евидентни листови.Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Поголем број од наставниците редовно им даваат повратнии нформации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Сепак, не сите наставници ги користат информацииите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијатананаставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информаци и за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. Затаа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информаци и за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година. Родителите на деца со посебнио бразовни потреби се запознаен со напредоко на ученикот предвиденво ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат. Е – Дневникот редовно се води од сите наставници. Проверката е од страна на Директорот и одреден наставник по одделенија како и стручната служба. Поголемиот број на родители имаат пристап до електронскиот дневник. Има родители кои немаат услови за пристап на дневникот (немаат меил адреси). Училиштето редовно ги штампа податоците на месечно ниво.

# 4. Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор и се реализираат според планирањето. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците,

струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.

Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат се обезбедени, посебно се означени, а учениците се свесни за нивното присуство и информирани за можните опасности.

Во училишниот простор во централното училиште во с.Долно Количани има 6ПП апарати, во ПУ во с.Горно Количани има 2 ПП апарати и во ПУ во с. Вртекица има 1ПП апарат. Истите се сервисирани на ден 25.10.2023 година. Нема хидранти во училиштето. Во училиштето нема громобранска инсталација. Во училиштето нема сертифицирани наставници за давање прва помош на учениците при несреќни случаи и превенција од насилство, а има пакет за прва помош.

Училиштето има Елаборат бр.09-934/3 од 08.04.2019 година за основна обука на просторните сили за заштита и спасување со спроведување симулациска вежба на училиштето, за што имаат изготвено Извештај бр.09-934/4 од 17.05.2019 година за организирање и спроведување на обука на вработените (сили за заштита и спасување). Обуката е реализирана од страна на Дирекција за заштита и спасување. Истата има издадено и Сертификат бр.09-1205/1 од 22.07.2019 година за завршена обука на универзална единица за заштита и спасување на ОУ„Мустафа Кемал Ататурк“ – с.Долно Количани.

Училиштето не е осигуран од страна на основачот, иако имаат поднесено барање до општината за обезбедување на средства за осигурување на училиштето.

Училиштето има програма и протокол како пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Тоа е евидентирано во Етичкиот кодекс бр.01-92/2 од 14.08.2023 година за однесување на учениците, наставниците и стручната служба и истиот нема податок дека е одобрен од орган на училиштето. Истите се ставени на видни места по ходниците на училиштето за да може секој да има пристап и можност да ги чита и биде запознаен со истите. Протоколите доследно се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања, презентации и активности за заштита на учениците од сите облици на насилство како што се психичко, емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, семејно насилство. Истото се организира од страна на педагогот на училиштето. Наведените теми,соопштенија и предупредувања се истакнати во плакати, постери и истите се поставени на видни места по ходниците на училиштето. Во училиштето активно функционира дежурството на наставниците, кои се грижат за безбедноста на учениците за време на настава и за време на одморите. Во училиштето нема чуварска служба.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има и спроведува политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во училиштето

се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани, односно Правилник за изрекување на корективни педагошки мерки. Истиот е заведен под бр.01-119 од 31.08.2022 година.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците.

Училиштето има инклузивен тим кој е формиран со Решение бр.03-93/2 од 21.08.2023 година и истиот брои 7 члена со координатор и пропишани процедури (модифицирана програма) за грижа за учениците со пречки во развојот и физичка попреченост.

Во училиштето има 2 ученици со пречки во развојот со соодветна документација од надлежна здравствена установа.Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува

програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Во училиштето не се ангажирани образовни асистенти организирани од соодветна образовна институција.

Училиштето соработува со родителите, со Ресурсниот центар „Златен Стремец“ - Скопје Во училиштето нема ученици кои потекнуват од социјално ранлива категорија.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Училиштето има извршено дезинфекција, на ден 29.05.2023 година од ЈЗУ Центар за јавно здравје, служба за дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по два пати во секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и редовно се одржува. Во дворот на училиштето и во секоја училница, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени, за што сведочат здравствените картони на секој вработен. Последниот систематски преглед е извршен во месец јуни 2023 година. Училиштето постапува по препораките и насоките на здравствените институции, во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во соработка со здравствени институции, секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и тоа во почеток на учебна година, па така последното било организирано во месец септември 2023 година.

Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето.

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето врши истражување преку прашалници за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош на учениците за избор на образовна установа за понатамошно образование. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија.Стучната служба не реализира прашалник за професионална ориентација, туку само води разговор со учениците и им дава конкретни совети. Општи информации за понатамошно образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Има постојана соработка со средните училишта. Инклузивниот тим нуди професионална ориентација на деца со посебни образовни потреби. Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба,одделенските и класните раководители,предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик. Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати

резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители. Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тромесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

# 5. Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед.

Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго. Постои професионален однос помеѓу вработените, особено на ниво на активи, одделенија и училиште. Раководниот, стручниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на професионалниот однос помеѓу сите структури.
Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Професионалниот однос помеѓу вработените има одраз и во однесувањето на учениците, кои без разлика на етничката припадност, возраста, социјалниот статус и постигањата, во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени од сите вработени.

Училиштето има Етички кодекс на однесување, во кој се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Истиот нема податок дека е одобрен од орган на училиштето.

Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Постои

работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последната 2022/23 учебна година има изречено 8 педагошки мерки. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди или пишани графити со негативни пораки.

Родителите учествуваат во животот и работата на училиштето. Активно се вклучени и во реализација на поголем дел од активностите во проектите, особено при реновирање на училишниот објект.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Формиран е ученички парламент. Тој во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка и материјална) Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за младинско учество се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на учениците и ученичката заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и ученичкиот парламент.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите, за повисоки постигнувања на ниво на училиштето. Во училиштето донесен е Правилник бр.01-88 од 04.08.2023 година за оценување на постигањата и напредувањето на учениците.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Постигањата на учениците се вршат преку разни форми, интерно и на родителски средби. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор. Истиот се избира од страна на наставнички совет и добива благодарница. Училишниот педагог прибира податоци за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на национално, верско, пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но исто така да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓуетничка интеграција во образованието, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, училиштето има склучено меморандум за соработка и збратимување со ООУ „Војдан Чернодрински“ – Општина Карпош, со ООУ„Браќа Миладиновци“ Општина Аеродром, со ООУ„Круме Кепески“ Општина Кисела Вода, со ООУ „Димитар Миладинов“ Општина Центар, како и со ООУ „Гоце Делчев“ Општина Центар. Училиштето остварува соработка и со училишта и институции од Р. Турција.

Во рамките на споменатиот проект во изминатите години реализирани се многу активности и тоа: спортски активности, запознавање на учениците во текот на игри, меѓуетничка кујна која ќе биде направена и реализирана од страна на учениците, рецитаторски активности на три јазика и тнт.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето презема добро испланирани активности и организира средби за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Соработката на училиштето со родителите е јавна, транспарентна и перманентна. Училиштето континуирано превзема разни активности за да ги вклучи родителите во воспитно – образовниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

На почетокот на учебната година родителите се запознаваат со работата на училиштето. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште во с.Долно Количани се состои од приземје и спрат додека подрачното училиште во с.Вртекица и во Горно Количани се состои од приземје. Централното училиште во с.Долно Количани (објектот) располага со вкупна површина од 700 м2. Училишниот двор е со бруто површина од 4000 м2 во кој се наоѓа и асфалтирано спортско игралиште од 800 м2.

Централното училиште располага со 9 училници, 1 наставничка просторија, 1 библиотека, 1 работилница. Надвор од училишната зграда има посебно 4 тоалети за машки ученици и 4 тоалети за женски ученици. Во склоп на објектот има и посебни тоалети за машки и посебно за жени вработени во училиштето, како и 1 просторија за бања. Во училишниот двор има и котлара каде што е сместена и 1 цистерна за парно греење.

Во подрачното училиште во с.Вртекица училишниот објект е со површина од 91 м2, а целата површина со дворно место има 400 м2. Во подрачното училиште во с.Вртекица има 4 училници за настава, 1 наставничка канцеларија и внатре во објектот има 3 тоалети и тоа: 1 за машки ученици, 1 за женски ученици и 1 за вработените.

Во подрачното училиште во с.Горно Количани училишниот објект има 387 м2, а вкупната површина со дворно место е 500 м2.

Во подрачното училиште во с.Горно Количани има 5 училници, 1 наставничка канцеларија, 1 просторија за нагледни средства. Во склоп на објектот има 3 тоалети и тоа: 1 за машки ученици, 1 за женски ученици и 1 за вработените.

Во подрачното училиште во с.Црвена Вода училишниот објект има 80 м2, а вкупната површина со дворно место е 290 м2. Истото е затворено за употреба од причина што нема ученици во наставата. Во објектот има 3 училници, надворешни 2 тоалети и тоа: 1 машки и 1 женски.

Во сите училишни објекти како во централното, така и во сите подрачни училишта нема спортска сала и наставата по предметот физичко образование се одвива во училница и кога временските услови го овозможуваат истото се одвива надвор во спортските терени.

Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во три училишни згради и тоа во централното училиште во с.Долно Количани, како и во двете подрачни училишта во с.Вртекица и с.Горно Количани.

Училиштето е обезбедено со 9 атестирани противпожарни апарати и тоа во централното училиште има 6 ПП апарати, во ПУ во с.Горно Количани има 2 ПП апарати и во ПУ во с. Вртекица има 1 ПП апарат. Истите се сервисирани на ден 25.10.2023 година. Нема хидранти во училиштето. Во училиштето нема громобранска инсталација.

Училиштето не е осигуран од страна на основачот, иако имаат поднесено барање до општината за обезбедување на средства за осигурување на училиштето.

Хигиената во училиштето е добра. За хигиената во училиштето придонесуваат редовните дежурства на наставниците, како и одговорниот однос на учениците. Редовно на почетокот на учебната година, се врши дезинфекција на училиштето. Санитарните јазли се во доволен број, согласно бројот на ученици, хигената во нив е добра.

Во централното училиште во с.Долно Количани во тековната учебна 2023/24 година учат вкупно 296 ученици, од кој 143 машки и 153 женски. Иститите учат на Турски наставен јазик. Истите се распределени во 16 паралелки од кои 6 во предметна настава и 10 во одделенска настава.

Во подрачното училиште во с.Вртекица во тековната учебна 2023/24 година учат вкупно 9 ученици, од кој 2 машки и 7 женски. Иститите учат на Албански наставен јазик. Истите се распределени во 4 паралелки од кои 2 во предметна

настава и 2 во одделенска настава.

Во подрачното училиште во с.Горно Количани во тековната учебна 2023/24 година учат вкупно 48 ученици, од кој 24 машки и 24 женски. Иститите учат на Албански наставен јазик. Истите се распределени во 5 паралелки од кои 2 во предметна настава и 3 во одделенска настава.

Во подрачното училиште во с.Црвена Вода не се одвива настава од причина што нема деца – ученици.

Во училиштето се ангажирани вкупно 38 наставници, од кој 23 наставници кои се ангажирани во настава на турски наставен јазик и 15 наставници се ангажирани во настава на албански наставен јазик.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно задоволува, со тенденција на подобрување поради потребата од набавка на дополнителна нагледност.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално/техничките средства на училиштето. Постои финансов план според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми.

Преку донации училиштето обезбедува средства за обновување на материјално техничките средства и тоа посебно од Р. Турција.

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставен час кај помал број наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето не располага со нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби.

Училишната библиотека располага со вкупно 8340 книги. Лектири на турски јазик има 7035, на македонски јазик има 905, на албански јазик 90. Стручна литература на турски јазик има 160, а на македонски јазик има 150. Во училишната библиотека во учебната 2022/23 година членувале 309 ученици и 13 вработени. Во училишната библиотека во учебната 2023/24 година членуваат 312 ученици и 15 вработени.

Во училиштето постои библиотекарска секција во која членуват 15 ученици. Во училишната библиотека работи библиотекар кој има изготвено годишна програма за работа за учебната 2023/24 година. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратени книги, туку истата се води само во материјална форма евиденција.

### 6.3 Обезбедување на наставен кадар

Училиштето има обезбедено наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 38 наставници, од кој 23 наставници кои се ангажирани во настава на турски наставен јазик и 15 наставници се ангажирани во настава на албански наставен јазик. Од вкупно 38 наставници, 17 наставници се во одделенска настава, додека 21 наставници се во предметна настава.

Од вкупно 38 наставници, од нив се со ВСС 29 наставници и 9 наставници се со средно образование, односно истите се пред дипломирање на факултет. Од вкупно 38 наставници, од нив 13 наставници се несоодветни, додека 25 наставници се соодветни за

изведување на настава. Од вкупно 38 наставници колку ги има во училиштето, од нив 23 наставници се на определено време, додека 15 се на неопределено време. Во училиштето се ангажирани и 2 стручни соработници, од кој 1 педагог и 1 библиотекар и сите се со ВСС. Од нив 1 е на неопределено време и 1 е на определено време. Во училиштето има и 1 хаусмајстор, 5 хигиеничари, 1 секретар и 1 директор.

Соодветниот наставен кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба, административно-техничкиот персонал, како и од директорот на училиштето. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник.

При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Училиштето има стручна служба (педагог и библиотекар) која им помага на наставниците во организација и реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот и педагогот, увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата. Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Училиштето редовно врши обучување и мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој, кој е услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот ги развива постојано своите компетенции со цел да постигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со современите трендови и со барањата на модерниот свет. Реализирани се обука за надградување и професионален развој на наставниците организирано од Биро за развој на образованието.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. Постои соработка со наставници од други средни училишта, факултети и невладини здруженија во градот и пошироко.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори реализација на приправничкиот стаж.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата се констатира дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето покрај буџетската сметка има и сопствена сметка. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот.

Училиштето нема формирано Комисија за јавни набавки од причина што истите се реализират во Општина Студеничани. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училишниот одбор на крајот на календарската година добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Во училиштето не е извршена ревизија за финансиското работење од страна на надлежна институција.

# 7.Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е составен од 7 членови и е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор. Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор, со испланирани активности и временска рамка. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури.Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознати сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, донесува одговорни одлуки,

има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучува партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет на работењето на училиштето. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество. Директор на училиштето е Сабри Имер професор по оделенска настава Диплома бр.3142 издадена од 08.12.2005 година, со положен испит за директор со стекнат сертификат бр.11-32/4 од 19.05.2021 година. Директерот раководи со училиштето од 14.06.2021 година, именуван со Одлука на Градоначалникот на општина Студеничане бр.09-555/1 од 14.06.2021 година, со положен Англиски јазик –Меѓународен сертификат за положен англиски јазик.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување. Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8.Наоди и препораки

## 8.1Силни страни

- Мисијата и визијата на училиштето ја отсликуваат заложбата за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Промовирање на мултикултурализмот и зајакнување на меѓуетничката интеграција меѓу учениците во воспитно-образовната работа;
- Училиштето води политика на инклузивност на ученици со посебни образовни потреби во редовната настава;
- Училиштето е добро управувано и раководено, со јасна визија за негово промовирање и развивање;
- Транспарентност при трошењето на училишниот буџет;
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето;
- Наставниот кадар во училиштето ужива респект кај родителите,
- Во училиштето нема ученици кои потекнуват од социјално ранлива категорија.

## 8.2 Слаби страни

- Наставниците слабо планираат диференцирани активности и техники, како и недоволна интеракција на релација ученик – ученик;
- Нема фискултурна сала;
- Мал број на учество на натпревари.
- Недоволна опременост со нагледни средства за настава во училиштето,
- Немање на кабинет по информатика и ИКТ опрема,
- Училиштето не е осигуран од страна на основачот,
- Во училиштето се ангажирани наставници со несоодветно образование,
- Во училиштето нема громобранска инсталација,
- Во училиштето нема хидранти,
- Во централното училиште нема доволен број на хигиеничари,
- Во училиштето нема чуварска служба.

## 8.3. Препораки

- Да се преземат активности за планирање на диференцирани активности и техники, како и примена на интеракција ученик-ученик;
- Училиштето да поднесе барање до надлежните за изградба на училишна фискултурна сала;
- Учениците повеќе да учествуват на ученички натпревари.

- **Да се обезбедува поголема опременост во училиштето со нагледни средства за настава,**
- **Да се обезбеди кабинет по информатика и со ИКТ опрема,**
- **Да се направат напори за осигурување на училиштето,**
- **Да се направат напори за обезбедување на соодветен кадар за наставните предмети каде се ангажирани несоодветни кадри,**
- **Да се обезбеди громобранска инсталација во училиштето,**
- **Да се обезбеди училиштето со хидранти,**
- **Да се направат напори за прием на повеќе хигиеничари во централното училиште,**
- **Да се направат напори за обезбедување на чуварска служба.**

| | |
|---|---|
| **Џавид Сулејмани**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Африм Салиу,** Инспектор | |
| **Перо Арсеновски,** Инспектор | |